**Известување за концентрација со која Сауди Арабиан Индастриал Инвестментс Компани (*Saudi Arabian Industrial Investments Company*), Ријад, Кралство Саудиска Арабија и 3Д Системс, Инк. (*3D Systems, Inc.*), Јужна Каролина, САД ќе основаат заедничко вложување**

**(предмет бр. 08-109/2022)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 08.08.2022 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Сауди Арабиан Индастриал Инвестментс Компани (*Saudi Arabian Industrial Investments Company*) со седиште на Кинг Калед Интернешенл Еирпорт Роуд, Предна зграда N4 во Ријад, Ријад 13413-3686, Кралство Саудиска Арабија (*King Khaled International Airport Road, Riyadh Front Building N4, Riyadh 13413-3686 Kingdom of Saudi Arabia*) и 3Д Системс, Инк. (*3D Systems, Inc.*) со седиште на 333 Три Д Системс Црклс, Рок Хил, Јужна Каролина 29730, САД (*333 Three D Systems Circle, Rock Hill, SC 29730, U.S.*), ќе основаат заедничко вложување кое заеднички ќе го контролираат.

Сауди Арабиан Индастриал Инвестментс Компани (Дусур) се занимава со инвестиции во стратешки економски сектори за развој на мулти-трансформациските индустрии во сите индустриски сектори, вклучувајќи поседување, развој, изградба, употреба, одржување, продажба, купување, изнајмување и закуп на основни и подвижни материјални и нематеријални средства според прописите. Дусур зазема единствена стратешка позиција во КСА како долгорочен инвеститор во индустриски проекти што ги реализира амбициите на „Визија 2030". Конкретно, Дусур има за цел да развие индустриски проекти кои ќе придонесат за економски раст и диверзификација на индустриската база на Кралството Саудиска Арабија.

Сауди Арамко Девелопмент Компани како акционер во Дусур остварува приходи во Република Северна Македонија.

3Д Системс, Инк. е со седиште во Рок Хил, Јужна Каролина, со канцеларии, производствени капацитети и Центри за иновации за клиенти низ целиот свет. 3Д Системс, Инк. обезбедува сеопфатни решенија за 3Д печатење и дигитално производство, вклучувајќи 3Д печатачи за пластика, метали, восок и био-мастила, материјали, софтвер, напредни производствени услуги и алатки за дигитален дизајн. 3Д Системс, Инк. ги фокусира своите апликации во две клучни индустриски вертикали: здравствена заштита (која вклучува стоматолошки, медицински уреди, персонализирани здравствени услуги и регенеративна медицина) и индустриска (која вклучува воздхопловство, одбрана, транспорт и општо производство). 3Д Системс, Инк. ги продава своите производи и услуги преку претпријатија-ќерки и партнери низ целиот свет.

3Д Системс, Инк нема зависни друштва во Република Северна Македонија.

Дусур и 3Д Системс, Инк. имаат намера да ја прошират употребата на 3Д печатење во КСА и регионот МЕНА (Блискиот Исток и Северна Африка) преку создавање на Заедничко вложување. Поконкретно, Учесниците имаат за цел да соработуваат (преку основање и стекнување на Заедничкото вложување) и да ги извршуваат, на трајна основа, сите функции на автономен економски субјект. 3Д Системс, Инк. ќе продава печатачи и

опрема на Заедничкото вложување, ќе обезбеди обука и лиценци, кои, меѓу другото, ќе му овозможат на Заедничкото вложување да обезбедува услуги поврзани со 3Д печатење на барање, дизајн и инженерство, советување и консултантски услуги и друго 3Д печатење пост-преработувачки активности претежно надвор од ЕУ / Европа.

Економскиот сектор засегнат од концентрацијата

ЗВ и Предложената трансакција се однесуваат на пазарите за услуги за 3Д печатење, но нема да имаат никакви ефекти врз конкуренцијата бидејќи Дусур нема активности во врска со 3Д печатење.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

24.08.2022 година
Скопје